Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 114, 2 декември 2013 година

декември 2013 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област комуникации во туризмот на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област клиничка медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........10

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по Пракса во хотелско-угостителски објекти“ од д-р Нако Ташков, д-р Никола В. Димитров и д-р Дејан Методијески, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........21

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по Хотелиерство“ од д-р Нако Ташков и д-р Дејан Методијески, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........23

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педијатрија - одбрани теми“ за студентите по стоматологија од насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........25

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педијатрија со нега“ за студентите на Високата здравствена школа, тригодишни студии за физиотерапевти, од насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........29

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата „Вовед во фармација“ од доц. д-р Бистра Ангеловска, асс. м-р Верица Ивановска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........33

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта со наслов „Ревизија (теоретски и практични аспекти)“ од доцент д-р Јанка Димитрова, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........36

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата со наслов „Осврт кон меѓународните стандарди за финансиско известување“ од доц. д-р Александар Костадиновски и доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........42

**РЕЦЕНЗИЈА** на скриптата со наслов „Финансиска либерализација и финансиска стабилност” од доц. д-р Весна Георгиева-Свртинов, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........46

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Современи тенденции на јавното здравство” од проф. д-р Круме Николоски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........49

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Архитектура на компјутери“ од авторите д-р Игор Стојановиќ и асс. м-р Тодор Чекеровски, Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........53

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Автоматизација и процеси“ од доц. д-р Роман Голубовски, Електротехнички факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........55

**РЕЦЕНЗИЈА** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно–научниот совет на единицата ........57

**ПРИГОВОР** поднесен од д-р Маргарита Матлиевска бр. 1707-349/1 од 15.11.2013 и 1707-349/2 од 20.11.2013 година ........58

**ОДГОВОР** по Приговор поднесен од д-р Маргарита Матлиевска бр. 1707-349/1 од 15.11.2013 и 1707-349/2 од 20.11.2013 година ........66

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА СО НАСЛОВ „РЕВИЗИЈА (ТЕОРЕТСКИ И ПРАКТИЧНИ АСПЕКТИ)“ ОД ДОЦЕНТ Д-Р ЈАНКА ДИМИТРОВА, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлука бр. 1702-342/6 од 63. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, одржана на 11.11.2013 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Ристо Фотов, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
- доц. д-р Александар Костадиновски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис со наслов **„РЕВИЗИЈА (ТЕОРЕТСКИ И ПРАКТИЧНИ АСПЕКТИ)“** од доцент. д-р Јанка Димитрова, наменет за студентите од прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот.** Учебното помагало - скрипта „Ревизија (теоретски и практични аспекти)” од доцент д-р Јанка Димитрова претставува континуирана заложба на авторката да ја оформи потребната литература од областа на ревизијата за студентите кои се соочуваат со анализа на прашања од оваа современа проблематика. Скриптата е подготвена за потребите на студентите од студиските програми: Финансиски менаџмент и Сметководство, финансиии ревизија на Економскиот факултет во Штип и таа ги содржи сите предвидени содржини што се опфатени во предметната програма Ревизија, застапена во четврта академска година (VIII семестар, во зависност од насоката), со неделен фонд на часови 3 (1+1+1).

**Податоци за обем на ракописот.** Проблематиката што е предмет на обработка е претставена во текст од вкупно 153 страници, од кои на 149 страници е претставен основниот текст, на 4 страници се сместени 50 релевантни библиографски единици, од монографски единици, периодични списанија, статии и интернет страници, во најголем дел странска литература што ги покрива подрачјата што се третирани во трудот. Текстот во трудот е поткрепен со 12 илустрации и 35 табеларни прегледи. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонд Ariel, големина на буквите 11. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**. Трудот е напишан на оригинален начин и во него е опфатена комплексноста на проблематиката од областа на ревизијата. И покрај тоа што во нашата земја постои мал број и опфат на јавно презентирана литература од оваа област, сепак проблематиката разработена со оваа методологија и во овој обем е неопходна за студентите на Економскиот факултет, за студентите кои ги изучуваат сродните економски проблематики и други дисциплини. Може да се каже дека трудот претставува научен материјал со висок квалитет, кој може да се примени за стекнување на широки знаења од доменот на актуелностите на ревизијата, за студентите, за ентитетите (деловните субјекти) чии финансиски извештаи согласно со законските прописи треба да се ревидираат, за друштвата за ревизија, за постојните и идните ревизори и за пошироката јавност. Во таа смисла, учебното помагало претставува едукативен пишан стручен труд кој обработува ваква проблематика кај нас, приспособен на потребите за образование

и едукација во областа на економските науки. Затоа сметаме дека овој учебник е особено значаен, како од теоретски, така и од практичен аспект за актуелните и идните професионалци кои се занимаваат со конкретната проблематика.

**Краток опис на содржината.** Од содржински аспект, во трудот се опфатени 8 тематски целини - глави: Теоретско концептуална рамка на ревизијата и независните ревизорски тестови (*Глава I*); Сет на финансиски извештаи што се предмет на ревизорско испитување (*Глава II*); Фундаментални концепти во ревизијата (*Глава III*); Методологија за примена на независни тестови во ревизијата (*Глава IV*); Фази во процесот на ревизијата (*Глава V*); Видови ревизорско мислење за финансиските извештаи (*Глава VI*); Теоретски основи и потреба од алоцирање на информациите од ревидираните финансиски извештаи (*Глава VII*); Практичен пример на комплетен ревизорски извештај (*Глава VIII*).

Пред да ги истакнеме нашите оценки за трудот, како и предлогот, најнапред во скратена форма ќе ја презентираме неговата содржина.

Во ***првото поглавје*** од скриптата се запознаваме со историскиот аспект и развој на ревизорската професија како организација на ревизорската фела во Република Македонија. Развојот на ревизорската професија е тесно поврзан со развојот на сметководството. Постојат записи што укажуваат дека четири илјади години пред нашата ера кај древните цивилизации на Блискиот Исток постоело чување на записите за организираното управување и работење, што се однесувале на трошоците, даноците и приходите. Ревизијата во Р. Македонија е пропишана согласно со Законот за трговски друштва и е задолжителна за големите и средните трговци, финансиските институции, друштвата чиишто финансиски извештаи котираат на берза, како и друштвата кои подготвуваат консолидирани финансиски извештаи. Класификацијата на ревизорите и видовите ревизорски услуги е извршена со цел да се осознаат сите аспекти на ревизорската професија чијашто основна цел е да издаде компетентно ревизорско мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските информации презентирани во ревидираните финансиски извештаи. Токму затоа авторот ги презентира и класифицира сите видови ревизија (според предметот на испитување, според органот кој ја спроведува, според подрачјето што се испитува), сите видови ревизори (екстерни, интерни, државни и судски) и сите видови ревизорски услуги (атестирачки и неатестирачки).

Во интерес на прибирање на доволно компетентен и релевантен доказен материјал за оформување и изразување на објективно, независно и аргументирано мислење, ревизорот користи бројни постапки кои во основа се сведуваат на тестови на ревизија. Селектирањето на тестовите за ревизија се смета за последен и најкритичен чекор од ревизијата со што се заокружуваат планот и програмата за конкретен ревизорски ангажман. Во зависност од конкретните ревизорски цели, изведени врз основа на тврдењата во финансиските извештаи, ревизорот применува определени ревизорски постапки, како што се набљудувањето, документирањето, конфирмирањето, споредба, распрашување и други, коишто служат за прибирање на ревизорски доказ. Применувајќи ги ревизорските постапки, ревизорот стекнува соодветен ревизорски доказ. Во зависност од целта за којашто ревизорот собира доказ, повеќето ревизорски постапки можат да бидат класифицирани или како тестови на контрола или како независни тестови. Овде авторот дал детална разработка на тестовите на контрола и независните ревизорски тестови, со цел да ја претстави нивната важност за обезбедување на достатен и соодветен ревизорски доказ на кој ќе го заснова ревизорското мислење.

***Вториот дел*** на скриптата го разработува сетот на финансиски извештаи кои се предмет на ревизорско испитување. Дефинирајќи ги финансиските извештаи како основен извор на информации за работењето на деловните субјекти, авторот истакнува дека тие добиваат на тежина и веродостојност, односно се зголемува кредибилитет пред пошироката јавност со чинот на ревидирањето на истите. Токму затоа законската регулатива бара, но и деловните субјекти сакаат да се изврши ревизија на презентирањата во финансиските извештаи.

Деловните ентитети, при донесувањето на економските одлуки, во не мал број случаи, се соочени со несигурноста и неизвесноста, односно секогаш постои извесен ризик оној кој ја донесува одлуката да селектира погрешна алтернатива, а како последица на тоа да

се претрпат енормни загуби. Токму кредибилитетот, додаден од страна на ревизорот кон презентираните информации, де факто го редуцира нивото на информативниот ризик за субјектите инволвирани во донесувањето на деловните одлуки. Основа за подготовка на финансиските ивештаи се сите книговодствени ставки кои се синтетизираат во БРУТО БИЛАНС. Бруто билансот содржи сумарни податоци за сите конта со колони за почетна состојба (должи и побарува), тековно (должи и побарува), вкупно (должи и побарува) и салдо на секоја сметка на датумот на подготовка.

Компоненти на финансиските извештаи според Меѓународните стандарди за финансиско известување се: извештај на финансиската состојба (биланс на состојба), извештај на финансиската успешност (биланс на успех), извештај за сеопфатната добивка, извештај за промени во главнината, извештај за паричниот (готовинскиот) тек, објаснувачки белешки кон финансиските извештаи и годишен извештај за работењето на друштвото.

Даден е практичен пример на бруто биланс врз основа на кој се подготвени финансиските извештаи што се инкорпорирани во оваа учебно помагало. Разработена е содржината односно позициите кои ги содржат за да може да се добие целосна претстава за работењето на деловниот субјект, резултатите што ги остварува, имотот со кој располага и готовината што успева да ја наплати во текот на пресметковниот период. Со разбирањето и читањето на финансиските извештаи на компаниите, и кога се знае значењето на бројките содржани во финансиските извештаи, се има цврста основа за проценка на бизнисот и носење на инвестициски одлуки, истакнува доцент д-р Јанка Димитрова. Секако дека успехот на инвестирањето зависи од натамошниот развој на компанијата, а иднината никогаш со сигурност не може да се предвиди, но ако се имаат прецизни информации за моменталната финансиска состојба на компанијата и податоци за поранешната заработувачка ќе можат полесно да се проценат идните можности на компанијата.

**Фундаменталните концепти во ревизијата** се обработени во *третата глава*. Авторот д-р Јанка Димитрова истакнува дека за спроведување на брза, ефикасна и ефективна ревизија на финансиските извештаи на деловните ентитети во голема мера е условено од разбирањето и имплементирањето на трите фундаментални концепти на ревизијата: концептот на материјалност – значајност, концептот на ревизорски ризик и концептот на ревизорските докази. Утврденото ниво на материјалност-значајност и ревизорскиот ризик влијаат врз видот и обемот на ревизорските активности кои ќе бидат преземани за обезбедување на релевантни докази врз основа на кои ревизорот ќе го аргументира своето мислење во извештајот за извршената ревизија. Од правилното комбинирање и имплементирање на фундаменталните концепти зависи квалитетот на спроведената ревизија. Според Комитетот за Меѓународни сметководствени стандарди, во Рамката за изготвување и презентација на финансиските извештаи **„Информацијата е материјално значајна доколку нејзиното изоставање или погрешно прикажување може да влијае врз економските одлуки на корисниците донесени врз основа на финансиските извештаи"**. Значајноста зависи од големината на ставката или грешката, проценета во околностите типични за нејзиното изоставање или погрешно прикажување. Значајноста повеќе претставува праг или точка на пресек, отколку примарна квалитативна карактеристика, којашто информацијата мора да ја поседува како корисна.

Трите фундаментални концепти во ревизијата - материјалноста, ревизорскиот ризик и ревизорскиот доказ, во трудот се обработени според редоследот по кој ревизорот пристапува при нивното разгледување, утврдување и прибавување при вршењето на ревизијата. Имено ревизорот најпрвин го утврдува степенот (нивото) на материјалноста (значајноста), потоа следува оценката на ревизорскиот ризик, за на крајот, врз основа на акумулираните сознанија, со поголем степен на сигурност да го определи квантитетот и квалитетот на потребните ревизорски докази. При поединечното расветлување на клучните аспекти на трите фундаментални концепти во ревизијата, авторот индиректно ја прикажува и нивната корелативна поврзаност. Постои обратнопропорционален однос помеѓу материјалноста и ревизорскиот ризик, кој ревизорот секогаш го има предвид при определувањето на природата, временскиот распоред и обемот на ревизорските постапки при прибавувањето на достатен и соодветен ревизорски доказ. Без оглед на можните модалитети кои ревизорот ги има на располагање во комбинирањето на ефектите од трите

фундаментални концепти на ревизијата, пожелно е неговата приоритетна цел, во овој чекор од процесот на ревизијата, да биде фокусирана на изборот на оптимална комбинација што подразбира најмал ревизорски ризик, најмали материјално значајни пропусти во презентирањето на податоците и задоволителен (во квантитативна и квалитативна смисла) обем на релевантен доказен материјал. Притоа, посебно е истакнато дека не треба да се пропушти фактот дека ревизорот, имајки ги предвид спецификите на дејноста во која работи секој клиент, ќе изврши поединечно анализирање на концептот на материјалност, ревизорскиот ризик и ревизорскиот доказ за да го утврди оптималното ниво на истите, за да се изрази најсоодветно мислење за финансиските извештаи.

На **методологијата за примена на независни тестови во ревизијата** авторот го посветил *четвртото поглавје* во учебникот. За да се прибере доволно компетентен и релевантен доказен материјал за оформување и изразување на објективно, независно и аргументирано мислење, ревизорот користи бројни постапки кои во основа се сведуваат на тестови на ревизија. Селектирањето на тестовите за ревизија се смета за последен и најкритичен чекор од ревизијата, со кој се заокружуваат планот и програмата за конкретен ревизорски ангажман. Тестовите за ревизија се спроведуваат напоредно со другите постапки за селектирање на примерокот, за дефинирање на видот на тестирањето и за екстраполирањето на резултатите од тестирањето на целата популација на документи.

Врз основа на своето професионално расудување, ревизорот одлучува како ќе го собере потребниот доказ за да се докаже одредено тврдење. МРС не содржат конкретни постапки за постигнување на оваа цел, туку само ги определуваат видовите на тестови што можат да се применат при собирањето на потребниот доказ. Видовите докази и постапките за нивно добивање можат да се класифицираат соодветно со намерата за којашто се собира доказот. Во тој поглед, постапките за собирање на ревизорски докази се делат на две главни групи, и тоа:

- тестови на контрола и
- независни (суштински) тестови или постапки.

коишто со цел за што по целосно претставување авторот ги разработил во детали и од сите аспекти.

**Фазите во процесот на ревизијата** се предмет на разработка на *петтата глава*. Практичното изведување на процесот на ревизијата започнува со прифаќањето на ревизорскиот ангажман. Ревизорот не е обврзан да извршува ревизија за секое претпријатие што го бара тоа. Со прифаќање на ангажманот, ревизорот презема професионални одговорности спрема јавноста, клиентот и останатите членови на ревизорската професија. Ревизорот мора да ја задржи довербата на јавноста во професијата преку одржување на независност, интегритет и објективност. Мора да се работи во најголем интерес на клиентот со компетентност и професионална грижа. Според остатнатите членови на професијата, ревизоот има одговорност да го зајакне реномето на професијата и нејзината способност да ѝ служи на јавноста. Затоа, одлуката за прифаќање на нов клиент или за продолжување на врската со постојниот клиент треба да се разбере сериозно потенцира доцент д-р Јанка Димитрова.

По потпишувањето на Писмото за ревизорско ангажирање и/или Договорот за вршење на ревизија на финансиските извештаи се преминува кон практична реализација на конечната цел на ревизијата финансиските извештаи, која се спроведува за да понуди мислење за реалноста и објективноста во презентирањето на податоците содржани во финансиските извештаи, во согласност со општоприфатените сметководствени стандарди.

Остварувањето на вака поставената цел од страна на ревизорската професија за ревизорите значи обврска и одговорност за следење на неколкуте клучни фази од логичниот процес на ревизија, кои авторот ги претставува како:

| | |
|---|---|
| Фаза I | Планирање и креирање на ревизорскиот пристап |
| Фаза II | Спроведување на контролни и суштински тестови на трансакции |
| Фаза III | Спроведување на аналитички постапки и тестирање на поединости на салда |
| Фаза IV | Комплетирање на ревизијата и издавање на ревизорски извештај |

Сукцесивното следење на клучните фази од процесот на ревизијата, на ревизорот му овозможува да спроведе ефикасна, ефективна и брза ревизија, врз основа на која ќе оформи и изрази независно, компетентно и пред сè објективно и аргументирано мислење за ревидираните финансиски извештаи. Секоја фаза од ревизијата во себе вклучува бројни активности кои ревизорот, согласно со професионалната регулативи, треба грижливо да ги испланира, селектира и систематизира во детален и сеопфатен ревизорски план.

Во *шестото поглавје*, **видови ревизорско мислење за финансиските извештаи**, д-р Димитрова истакнува дека ревизорот треба да ги провери и процени заклучоците извлечени од добиениот ревизорски доказ, како основа за изразување на мислење за финансиските извештаи. Оваа проверка и проценка вклучува разгледување на тоа дали финансиските извештаи се изготвени во согласност со прифатливата рамка за финансиско известување, без оглед дали тоа се Меѓународните сметководствени стандарди (МСС) или важечките национални стандарди или практика. Исто така, може да биде неопходно да се разгледа дали финансиските извештаи се придржуваат кон одредбите по статутот. Ревизорскиот извештај треба да содржи јасно изразено писмено мислење за финансиските извештаи како целина да ги содржи сите пропишани елементи (наслов; име на корисникот; почетен или воведен пасус; идентификација на финансиските извештаи подложни на ревизија; изјава за одговорноста на менаџментот на ентитетот и за одговорноста на ревизорот; пасус за делокруг; пасус со мислење кое изразува мнение за финансиските извештаи; датум на извештајот; адреса на ревизорот и потпис на ревизорот). Степен на изедначеност на формата и содржината на ревизорскиот извештај е пожелен поради тоа што му олеснува на корисникот да го разбере извештајот и да се идентификуваат невообичаени околности и нивна појава. Овде авторот ги обработил сите видови ревизорско мислење (безусловно – безрезервно мислење, мислење со нагласување на одредено прашање, мислење со резерва, негативно мислење и воздржување од давање мислење, при што е даден практичен пример на сите видови мислење.

*Седмото поглавје* е посветено на **теоретските основи и потреби од алоцирање на информациите од ревидираните финансиски извештаи**. Финансиските извештаи мора да се во согласност со сите применливи МСФИ и интерпретации. Финансиското известување треба да обезбеди корисни информации за сегашните и потенцијалните инвеститори, доверителите и за другите корисници, потребни за донесување на рационални одлуки за инвестирање, кредитирање или слични одлуки. Информациите треба да бидат разбирливи за тие што имаат прифатливо разбирање на деловните и на економските активности и кои сакаат да ги проучат информациите со прифатлива анализа. Авторот нагласува дека надворешните корисници немаат можност за добивање на целосни информации за работењето на деловните субјекти. Тие се потпираат на финансиските извештаи. Токму затоа, во финансиските извештаи треба да се обелоденат сите информации кои се корисни за донесување одлуки за инвестирање и кредитирање, бидејќи корисниците на финансиските извештаи ги користат нив за да донесат некоја одлука. Инвеститорите се првите и најчувствителните корисници, затоа што тие се главни носители на ризик и ако финансиските извештаи ги задоволуваат нивните интереси, значи дека тие ќе бидат соодветни и за другите корисници.

Финансиските извештаи не можат да ги обезбедат сите информации потребни за донесување одлуки. Тие се однесуваат на минатото, а одлуките на иднината. Тие обезбедуваат само ограничен износ на нефинансиски информации. Сепак, финансиските извештаи од општ вид содржат информации кои се заеднички за сите корисници. Корисниците на финансиски извештаи ги вклучуваат постојните и потенцијалните вложувачи, вработените, заемодавателите, добавувачите и другите доверители, купувачите, владата и нејзините агенции и јавноста, со еден збор наречени стеикхолдери. Тие ги користат финансиските извештаи со цел да задоволат некои од своите различни потреби за информации. Овде д-р Димитрова ги презентирала сите корисници на ревидираните финансиски извештаи и интересот и потребата од информациите што ги содржат финансиските извештаи.

Содржината на овој труд е заокружена со **практичен пример на комплетен ревизорски извештај** кој е презентиран во последното - *осмото поглавје*. Овде авторот презентирал комплетен ревизорски извештај на финансиските извештаи со сите придружни

елементи, како што се: изјава за одговорност на менаџментот, биланс на успех, извештај за сеопфатната добивка, биланс на состојба, извештај за промена во главнината, извештај за готовинскиот тек и сметководствени политики и објаснувачки белешки, преку коишто читателот може да се стекне со впечаток како изгледа ревизорски извештај со сите пропишани придружни компоненти.

## ЗАКЛУЧОК

Скриптата „**Ревизија (теоретски и практични аспекти)“** од доцент д-р Јанка Димитрова систематски и логички е подредена на современ начин и во осум глави (тематски целини) се прикажани карактеристиките, значењето и актуелноста на ревизијата како важна научна дисциплина. Материјата е презентирана со јасен, студиозен, стручно-методолошки пристап и низ бројни практични примери. Поради ваквиот стил и модел на презентираниот материјал студентите ќе можат без тешкотија да ја совладаат оваа материја. Трудот е поткрепен со бројни документарни табеларни прегледи и графикони, како основа на анализите, истражувањата и констатациите по клучните прашања содржани во трудот. Тие, исто така, претставуваат аргументација и одговор на бројните прашања за улогата, значењето и перспективата на ревизијата како научна дисциплина.

Трудот заслужува внимание поради неговата актуелност и методолошки пристап во истражувањето, кој може да се оцени како интегрален, целисходен и исцрпен според широчината на опфатот на спроведените истражувања и информации. Сметаме дека овој труд ќе предизвика голем интерес кај нашата јавност, ќе им овозможи на студентите и од економските и сродни научни дисциплини да се стекнат со потребните знаења за оваа област, а ќе даде придонес и во научната и стручната јавност и затоа со големо задоволство препорачуваме да биде објавен.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Штип да му предложиме ова учебно помагало (скрипта) со наслов „Ревизија (теоретски и практични аспекти)” од доцент д-р Јанка Димитрова да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ристо Фотов – вонреден професор, с.р.**
**Проф. д-р Александар Костадиновски – доцент, с.р.**